Врз основа на член 17 став  (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18  и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 11.06. 2025 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација  на општина Гевгелија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-2216/1 од  03.10.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот  за систематизација на работните места во општинската администрација  на општина Гевгелија бр.01-730/1 од 23.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот  за систематизација на работните места во општинската администрација  на општина Гевгелија бр.01-1576/1 од 26.10.2018 година и Правилникот за изменување на Правилникот  за систематизација на работните места во општинската администрација  на општина Гевгелија бр.01-187/1 од 24.1.2020 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-485/1 од 25.2.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот  за систематизација на работните места во општинската администрација  на општина Гевгелија бр.01-1013/1 од 23.06.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1622/1 од 28.10.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-250/1 од 02.02.2021 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-856/1 од 26.05.2021 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1977/1 од 17.12.2021 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-2383/1 од 28.11.2022 година, Правилникот  за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија, Правилникот  за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-819/1 од 15.5.2023 година и Правилникот  за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-1254/1 од 1.8.2023 година.

**Член 2**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.1.Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина,  работното место со реден број 6-а, Назив на работно место – „Виш соработник за планирање на просторот“, со шифра УПР 01 01 В02 000, со звање – „Виш соработник“, во делот број на извршители бројот 1 се брише.

## Член 3

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.2.Одделение за комунални работи и локални патишта, по работното место со реден број 10, Назив на работно место - „Советник за уредување на градежно земјиште, патишта и улици“, со шифра УПР 01 01 В01 000, со звање – „Советник“, се додава ново работно место 10-а, кое гласи:

| 1. Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина | |
|---|---|
| 1.2.Одделение за комунални работи и локални патишта | |
| **Реден број** | 10-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за евиденција и контрола на сообраќајната сигнализација** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Инженерство и технологија - Друго инженерство и технологии (Сообраќај и транспорт). |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на работи и работни задачи со цел обезбедување навремено и квалитетно опремување на локалните патишта и улици со сообраќајна сигнализација. |
| **Работни задачи и обврски** | -самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;<br>-континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од обласата на безбедноста на јавните патишта и улици со сообраќајна сигнализација и дава стручни појаснувања и мислења;<br>-ги следи и анализира состојбите со сообраќајните знаци и уреденоста на паркинг просторите;<br>-ја следи усогласеноста на сообраќајната сигнализација со режимот на сообраќајот на локалните патишта;<br>-изготвува тези, одлуки и други прописи поврзани со функционирањето на сообраќајната сигнализација;<br>- изготвува стручно аналитички и друг материјал за комисиите на Советот. |

## Член 4

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.2.Одделение за комунални работи и локални патишта, работното место со реден број 11, Назив на работно место – „Советник за уредување на комунална инфраструктура“, со шифра УПР 01 01 В01 000, со звање – „Советник“, во делот број на извршители бројот 1 се брише.

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.3.Одделение за располагање со државно градежно земјиште, по работното место со реден број 15, Назив на работно место – „Советник за експропријација и право на службеност", со шифра - УПР 01 01 В01 000, со звање „Советник" се додава ново работно место 15-а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| 1. Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина | |
| 1.2.Одделение за комунални работи и локални патишта | |
| **Реден број** | 15-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за геодетски работи** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Советник |
| **Вид на образование** | Инженерство и технологија - Градежништво (Геодезија и геоинформатика). |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на работи и работни задачи од делокруг на работа на одделението, согласно насоките и под надзор на раководителот на одделението, за прашања кои се однесуваат на оперативна поддршка на процесот на геодетското работење |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на просторното и урбанистичкото планирање;<br>-го следи и координира изготвувањето на потребната урбанистичко-геодетска документација за реализација на работите од својот делокруг;<br>-изготвува изводи од ГУП, ситуациони решенија и други графички прилози;<br>-врши картирање;<br>-врши анализа на картираните урбанистички решенија од проектантските организации;<br>-изготвува предлози за обновување и дополнување на постојните и потребните урбанистички подлоги;<br>-изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали;<br>-изготвува предлог одлуки и други прописи, програми и други акти, анализи, информации и други материјали;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали. |

**Член 6**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, во потточка 1.3.Одделение за располагање со државно градежно земјиште, работното место со реден број 17, Назив на работно место – „Самостоен референт за геодетски работи (геометар) со шифра УПР 01 01 Г01 000, со звање – „Самостоен референт", во делот број на извршители бројот 1 се брише.

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 2.Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалнкот, во потточка 2.2.Одделение за стручно-административни и општи работи, работното место со реден број 28, Назив на работно место –„Архивар“ со шифра УПР 01 01 Г01 000, со звање – „Самостоен референт“, во делот број на извршители бројот 1 се брише.

**Член 8**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 2.Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, во потточка 2.2.Одделение за стручно-административни и општи работи, работното место со реден број 28-а, Назив на работно место – „Самостоен референт за општи и технички работи“, со шифра УПР 01 01 Г01 000, со звање „Самостоен референт“, во делот Вид на образование, се менува и гласи „Вишо/средно образование“.

**Член 9**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 2.Сектор за правни, административни и општи работи и поддршка на Градоначалникот, во потточка 2.2.Одделение за стручно-административни и општи работи, работното место со реден број 29, Назив на работно место – „Технички секретар за потребите на општинската администрација“, со шифра УПР 01 01 Г02 000, со звање „Виш референт“, во делот Вид на образование, се менува и гласи „Вишо/средно образование“.

**Член 10**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 4.Сектор за јавни дејности и локален економски развој, во потточка 4.2.Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт, по работното место со реден број 59, Назив на работно место – „Раководител на одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт“, со шифра - УПР 01 01 Б04 000, со звање „Раководител на одделение“ се додава ново работно место 59-а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| 4. Сектор за јавни дејности и локален економски развој | |
| 4.2. Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт | |
| **Реден број** | 59-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | **Советник за култура** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Хуманистички науки и уметности. |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на работи и работни задачи од областа на културата. |
| **Работни задачи и обврски** | -самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението;<br>-континуирано ги следи законските прописи и други општи |

| | |
|---|---|
| | акти за надлежностите од областа на локалната самоуправа и културата;<br>-ги изготвува предлозите за распределба на средства на установите добиени од наменските и блок дотациите;<br>-предлага преземање на мерки и активности од областа на културата од надлежност на општината;<br>-ја подготвува Програмата за негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и други културни вредности и Програмата за организирање на културни манифестации;<br>-изготвува предлози на проекти, дава мислење за предложените проекти од областа на културата, изготвува предлог-одлуки и други прописи, програми, информации, анализи и други акти;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали за Советот и комисиите и учествува во нивната работа. |

**Член 11**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 4.Сектор за јавни дејности и локален економски развој, во потточка 4.2.Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт, работното место со реден број 60, Назив на работно место – „Виш соработник за култура и спорт", со шифра УПР 01 01 В02 000, со звање - „Виш соработник", во делот број на извршители бројот 1 се брише.

**Член 12**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, по работното место со реден број 69, Назив на работно место – „Раководител на одделение за инспекциски работи", со шифра - ИНС 01 01 Б04 000, со звање „Раководител на одделение" се додава ново работно место 69-а, кое гласи:

| 5. Одделение за инспекциски работи - Инспекторат | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 69-а |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за домување** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Инженерство и технологија - Градежништво, Архитектура. |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно спроведување на инспекциски надзор од делокругот на одделението кој се однесува на домувањето и самостојно извршување на најсложени работи и задачи во функција на доследно спроведување на законските и подзаконските акти. |
| **Работни задачи и обврски** | -континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, домувањето, |

| | |
|---|---|
| | -врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината согласно со Законот за домување;<br>-врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди;<br>-изрекува со закон пропишани мерки;<br>-води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>- одговара на жалби во второстепена постапка<br>- поднесува барања за поведување прекршочна постапка;<br>-доставува писмени извештаи до Регулаторната комисија за домување за поведување на постапка за одземање на лиценца на правното лице што не ги исполнува условите,<br>-води евиденција за извршените надзори и увиди над правни и физички лица за кој изготвува квартален извештај, и истиот го објавува на веб страната на општината,<br>-изготвува анализи, информации и други материјали;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината. |

## Член 13

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, по работното место со реден број 69-а, Назив на работно место – „Овластен инспектор за домување“, со шифра ИНС 01 01 В01 000, со звање „Советник инспектор“ се додава ново работно место 69-б, кое гласи:

| 5. Одделение за инспекциски работи - Инспекторат | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 69-б |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен инспектор за туризам** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Општествени науки - Економија и бизнис (Туризам и угостителство). |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефикасно и ефективно спроведување на инспекциски надзор од делокругот на одделениeто кој се однесува на надзор над туристичката дејност во општината самостојно извршување на најсложени работи и задачи во функција на доследно спроведување на законските и подзаконските акти. |
| **Работни задачи и обврски** | -континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и вршењето на туристичката дејност;<br>-врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината согласно со Законот за туристичка дејност; |

| | |
|---|---|
| | -врши увид на терен и изготвува записници за констатираните состојби и наоди, изрекува со закон пропишани мерки;<br>-води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>– одговара на жалби во второстепена постапка<br>– поднесува барања за поведување прекршочна постапка;<br>-ги известува надлежните органи на државната управа за повреди на прописите што се од нивна надлежност;<br>– води евиденција за извршени инспекциски надзор врз основа на кој изготвува квартален извештај и го објавува на веб страната на општинат,<br>-изготвува анализи, информации и други материјали;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината. |

**Член 14**

Во Глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА во општинската администрација на општина Гевгелија, во точка 5.Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, по работното место со реден број 69-б, Назив на работно место – „ Овластен инспектор за туризам“, со шифра ИНС 01 01 В01 000, со звање „Советник за инспектор“ се додава ново работно место 69-в, кое гласи:

| 5. Одделение за инспекциски работи - Инспекторат | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 69-в |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В01 001 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен даночен инспектор** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Општествени науки - Економија и бизнис, Право. |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и работни задачи во насока на навремено спроведување на процесот на подготовка на инспекциски надзор и спроведување на инспекциска постапка над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на Општина Гевгелија кои се однесуваат даноците и таксите. |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на одделението;<br>-изготвува програмски и извештајни документи, вклучително и годишен план за работа, годишна програма за специјализирана обука, шестмесечен извештај за работа, месечен план за работа и други документи и акти предвидени со закон и обезбедува јавност во работењето;<br>-врши надзор над спроведувањето на даночната регулатива;<br>-води управна постапка во прв степен, донесува решенија |

| | |
|---|---|
| | и изрекува со акон пропишани мерки;<br>-поднесува и одговара на жалби во второстепена постапка;<br>-поднесува барања за поведување прекршочна постапка и предлози за поведување кривична постапка;<br>-за вршење на инспекцискиот надзор тековно води инспекциска евиденција на податоците кои се однесуваат на инспекциската постапка во пропишана форма на месечно ниво;<br>-врши стручна обработка на прашањата што се оф значење за примената на законските одредби;<br>-изготвува анализи, информации и други материјали и дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти. |

**Член 15**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, во точка 5. Одделение за инспекциски работи - Инспекторат, работното место со реден број 73-а, Назив на работно место –„Помлад инспектор – Овластен инспектор за животна средина“ со шифра ИНС 01 01 В04 000, со звање – „Помлад инспектор“, во делот број на извршители бројот 1 се брише.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр.01-903/4
11.6. 2025 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***